Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител (анонимна пријава), на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-3235/1 од 21.06.2019 година оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3235/1 од 21.06.2019 година, од причина наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-3235/1 од 21.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3235/1 од 21.06.2019 година е оформена врз основа на добиена пријава од непознат подностиел (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости во постапката за избор на ------------------------ за наставник во наставно-научно звање Насловен доцент во научна област -------------------- на Правниот факултет во Кичево при Универзитетот "Свети Климент Охридски" Битола. Во пријавата се наведува дека споменатиот кандидат не ги исполнил основните услови за избор во наставно-научно звање, односно немал постигнат просек на оценки над 8 на додипломски и постдипломски студии, како и други услови утврдени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола. Во пријавата стои дека во Анексот на Универзитетски Билтен бр. 456 од 10.05.2019 година на Универзитетот "Св.Климент Охридски" Битола бил објавен Рефератот за избор во звање Насловен доцент на споменатиот кандидат со Извештајот на Рецензентска

комисија во состав: вон. ---------------------- - претседател, вон. проф. ----------- - член и доц. д-р ------------------ - член, кои предложиле избор на кандидат до Наставно -Научниот Совет на Факултетот, кој не ги исполнува основните услови за избор во звање Насловен доцент.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичка состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-2468/1 од 16.07.2020 година до Државниот просветен инспекторат со која побара да биде известена за тоа дали Државниот просветен инспекторат во изминатиот период, (имајќи во предвид дека пријавата била доставена до повеќе институции на 21.06.2019 година, меѓу кои и Државниот просветен инспекторат) извршил вонреден инспекциски надзор на постапката за избор во звање Насловен доцент на кандидатот ------------ - во научната област -------------, поведена врз основа на конкурсот од 11.01.2019 година и кои се резултатитие од постапувањето на инспекторатот. Доколку Инспекторатот во изминатиот период не постапил по пријавата, ДКСК побара да се изврши вонреден инспекциски надзор на посочената постапка од аспект на тоа дали во посочената постапка биле почитувани одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола и дали избраната Рецензентска комисија била составена согласно критериумите утврдени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола, дали избраниот кандидат ги исполнил основните услови за избор во звање Насловен доцент, како и други релевантни информации поврзани за извршениот избор.

Од Државниот просветен инспекторат по извршен вонреден инспекциски надзор на 25.08.2020 година е изготвен Записник Ип1 бр. 09- 25.08.2020 година и истиот е доставен до ДКСК.

По проверка на наводите во пријавата и доставените документи, ДКСК го утврди следното:
Државниот просветен инспекторат утврдил дека -------------------- има реализирано просек од 8.14 на додипломски студии и просек од 8.44 на последипломски студии и има стекнато научен степен доктор на науки од научната област која се избира, а и рецензентската комисија била составена согласно Законот за виского образование (Сл.весник на РМ бр.82/18)

Врз основа на увидот на целокупната документација Државниот просветен инспекторат констатирал дека Правен факултет-Кичево при Универзитетот "Св.Климент Охридски"-Битола, постапката за избор на --------------- за наставник во наставно-научно звање доцент во научната област ---------------------- ја има спроведено во согласност со одредбите на Законот за виското образование (Сл.весник на РМ бр. 82/18), Статутот на Универзитетот "Св.Климент Охридски"-Битола, како и Правилникот за посебните услови и постаката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот "Св.Климент Охридски"-Битола

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен државен орган (Државниот просветен инспекторат) кои во рамките на законските надлежности презел конкретни дејствија и ја утврдил фактичката состојба во предметниот случај. Врз основа на сето гореутврдено, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**